Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302-248/1
1/04 2024 год.
СКОПЈЕ

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено / Pranuar: 01-04-2024

| Орг. Единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 1290/1 | | |

**До: Државна комисија за спречување на корупцијата**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Иматeлот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молиме, да ни ги доставите сите **изјави за интереси** и **пријавите за промена во интересите**, поднесени до ДКСК од 1 јануари 2022 година наваму (заклучно со 1 април 2024 година).

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

[redacted]

**Во Скопје,**

**1.4.2024 година**

**Burim Abazi**

---

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Monday, April 1, 2024 1:07 PM |
| **To:** | contact@dksk.org.mk; b.abazi@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Барање за пристап до информација од јавен карактер |
| **Attachments:** | 1.2 Државна комисија за спречување на корупцијата 2.pdf |

Почитувани,

Во прилог ви доставуваме Барање за пристап до информации од јавен карактер.
Со овој меил сметаме дека Барањето за пристап до информации од јавен карактер ви е уредно доставено.
Ве молиме за потврда за прием на истиот.

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-1290/2
19-04-2024 г./v.

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1290/1 од 01.04.2024 година, поднесено преку барателот на информацијата [redacted], преку [redacted] Скопје, го донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 03-1290/1 од 01.04.2024 година, поднесено преку барателот на информацијата [redacted] преку [redacted] доставено до ДКСК, **ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА**.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

***Образложение***

Барателот на информацијата, [redacted] во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под архивски бр. 03-1290/1 од 01.04.2024 година.

По разгледување на барањето ДКСК констатираше дека во 2022 година до ДКСК поднесени се 1260 изјави за интереси, во 2023 година поднесени се 820 изјави за интереси а во 2024 преку електронска форма за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси поднесени се 309 изјави за интереси. Од наведеното произлегува дека за бараниот период поднесени се вкупно 2389 изјави за интереси. Имајќи во предвид дека една изјава за интереси има 6 страни, произлегува дека се работи за вкупно околу 15000 страни.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Тргнувајќи од наведеното, а поради преголемиот обем на бараните информации и од причина што изјавите за интереси содржат лични податоци и потребата од одвојување на истите би одземало многу време, односно во пракса за да се обезбедат таквите информации потребен е подолг временски период да се обработат сите барани изјави, ДКСК нема можност да ги обезбеди бараните информации.

ДКСК останува отворена за соработка, и доколку барателот го преформулира барањето на начин што ќе го ограничи обемот на бараните информации (пр. за одредена категорија функционери или функционери по одредени институции или области) во тој случај ДКСК би можела да ги обезбеди бараните информации.

Поради сето горенаведено, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: Б.А, службено лице,

Да се достави до:
- подносителот